Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број:__08-149/3______
_24.04.2023_________ година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 548 од 19.10.2022 година, поднесена од [redacted] од Тетово, со живеалиште на [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 11.04.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за отфрлање на претставка поради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација, заведена под бр. 08-548/1 од 19.10.2022, доуредена со поднесоци на 26.12.2022 и 15.02.2023, од поднесена од [redacted] од Тетово, против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово и Министерството за труд и социјална политика, **заради ненадлежност.**

### *Образложение*

На 19.10.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација, заведена под бр. бр. 08-548/1 од 19.10.2022, поднесена од [redacted] од Скопје против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово и Министерството за труд и социјална политика. Бидејќи претставката не ги содржеше потребните елементи од чл. 24, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот беше испратено барање за доуредување на претставката. На 15.02.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на барање за произнесување на претставката, заведен под бр. 08-149/2.

По разгледувањето на претставката и поднесоците за доуредување на претставката ве информираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во чл. 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Постапката и условите за остварувањето на правата на парична помош од социјална заштита се регулирани во Законот за социјална заштита и Законот за општа управна постапка. Центарот за социјална работа решава за права од социјална заштита во прв степен, вклучително и правото на помош и нега од друго лице. Министерството за труд и социјална заштита е надлежно за одлучување по жалба против првостепено решение со кое е одлучено за правото на помош и нега од друго лице. Против второстепеното решение на Министерството за труд и социјална политика може да се поведе управен спор, со поднесување тужба до Управниот суд на Република Северна

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Македонија. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема законски надлежности да ја цени законитоста на решенијата за права од социјална заштита, донесени во прв и втор степен, ниту пак да ја цени законитоста на пресудите на Управниот суд.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до
- [redacted]